Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ЗЕЛЕН договор

ЗАТОА ШТО НЕМАМЕ РЕЗЕРВНА ПЛАНЕТА

МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ #ЗА ПОЗЕЛЕНИ ОПШТИНИ

2024

# ПОЛИСИ БРИФ

## Препораки и предлог решенија за заштита на животната средина

Општина Василево

МЗМП

Center for Climate Change - Центар за климатски промени

GoGreen

creACTive

Центар за истражување и анализи НОВУС

**Електронско издание:**
Препораки и предлог решенија за заштита на животната средина во рамки на проектот “Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко влијание”

**Автор и издавач:**
Центар за истражување и анализи НОВУС - Струмица

**Дата и место на издавање:**
Мај, 2024 година, Струмица

Оваа анализа е дел од програмата за подгрантирање во рамки на проектот „Младински активизам за позелени општини“. Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија“. Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија.

Содржината на публикацијата е целосна одговорност на авторот и на Здружението Центар за истражување и анализи НОВУС и не треба на било кој начин да се смета за одраз на официјалниот став на Европската Унија.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

# Вовед:

Во овој документ се разгледува справувањето со еколошките предизвици, зелените политики и трудот за поттикнување на колективната одговорност за позелена иднина, со цел давање на јасни и концизни препораки за одржливи практики и еколошки политики.

Целта на овие препораки се да доведат до зголемена свест и разбирање за постоечките зелени политики и програми, идентификување на приоритетните еколошки проблеми, зголемена ангажираност на властите за заштита на животната средина, зголемена ангажираност на заедницата за колективна заштита на животната средина, зголемена вклученост на населението во креирање на локални политики за заштита на животната средина и зајакнување на капацитетите на младинските организации за застапување пред локалните власти за еко-проблемите.

Под зелена политика се подразбира политика поврзана со природата и сите живи организми, со цел на нејзина конзервација и заштита, како и создавање на еколошко одржливо општество.

# Позадина и контекст за еко проблеми и заштита на животната средина во општина Василево

Центарот за истражување и анализи НОВУС во рамки на проектот “Одржлива синергија за колективно еко влијание”, проект имплементиран во рамки на програмата за подгрантирање на проектот "Младински активизам за позелени општини" финансиски поддржан од Европската Унија, спроведе истражување за јавното мислење на генералната популација од општина Босилово за идентификација на еколошките проблеми со кои општината се соочува.

Истражувањето беше спроведено во декември 2023 г., преку анкетирање на испитаници над 18 годишна возраст, преку анкета  со отворени, полуотворени и затворени прашања, спроведена анонимно, на македонски јазик. Анкетата беше поставена во електронска форма на социјалните медиуми и на веб страната на ЦИА НОВУС а исто така беше спроведена и во физичка форма преку теренски истражувачи. За цел подлабоко истражување, беше направено и квалитативно истражување преку спроведување на две фокус групи, директен мониторинг на политиките и документите на општината, како и интервју со општина Василево во делот на политики и програми кои ги има спроведено или ќе ги спроведе за решавање на еко проблемот.

Генералниот заклучок од анкетата за општина Василево, е дека огромен дел од испитаниците се свесни за еколошките предизвици со кои се соочува нивната општина, а голем дел од нив исто така сметаат дека заедницата не придонесува доволно за животната средина и како најголем проблем од наведените 5 еко проблеми во анкетата (губење на зелени површини и шумски области, загадување на почва, недостаток на рециклирање, загадување на вода, загадување на воздух) за општина Василево беше издвоен загадувањето на воздухот, резултат кој се повтори и во фокус групите.

На ова се додава и резултатот дека поголемиот дел од испитаниците не се запознаени со програмата на општината за животната средина и активностите спроведени од истата, а 44,8 % сметаат дека општината не е доволно транспарентна пред граѓаните за оваа проблематика, додека дополнителни 31% не се сигурни за тоа прашање, а на поставеното прашање за информираност за конкретна мерка – изградба на системи за одводнување, прочистување на отпадни води и реконструкција на водоводна мрежа, немаше ниту еден позитивен одговор. Со овие резултати се поврзуваат и предлозите дадени од испитаниците за подобрување на еколошката состојба во нивното место на живеење.

Двете спроведени фокус групи, иако составени од различни учесници (првата повеќе од организации кои се фокусираат на еколошкиот проблем, додека втората од граѓани кои се исто така засегнати од овој проблем), исто така, го истакнуваат аерозагадувањето како примарен еколошки проблем.

Разликата на двете фокус групи е степенот на информираност помеѓу учесниците кои присуствуваа, со тоа што учесниците од организациите посветени на заштита на животната средина се далеку поинформирани за еко проблемите, за мерките и за можностите за нивно решавање, отколку граѓаните кои иако не се доволно информирани околу начинот на заштита на животната средина, сепак се доволно свесни и изразуваат интерес за решавање на идентификуваните еколошки проблеми на територија на општина Василево. Она во што се слични двете групи е нивното повикување за зајакнати инспекторски надзори и подигнување на граѓанската одговорност за анонимно пријавување на несовесни граѓани преку веб страна или социјални медиуми, со цел поголема транспарентност и јавна свест за загадувањето на животната околина.

Преку спроведување на директен мониторинг на политиките, проектите и документите на локално ниво и спроведените интервјуа со засегнатите страни во општина Василево, и покрај тоа што нема посебен сектор за животна средина,

заклучокот е дека општината спроведува активности за справување со еко проблемите во општина Василево.

## ПРЕПОРАКИ ЗА МЕРКИ И ПРЕДЛОГ РЕШЕНИЈА

- Поради драстичноста на еко проблемите, потребно е формирање на посебен сектор за животна средина во општина Василево кој ќе се грижи за откривање на нови можности за заштита на животната средина, ќе планира, организира и имплементира проекти, ќе споделува информации и ќе ја развива мотивираноста кај јавноста за оваа област.

- Потребно е јакнење на капацитетите на службениците на општината кои работат во оваа сфера преку нивна поддршка и едукација, со цел полесно спроведување на акциите и проектите кои ги спроведува општината, како и справување на проблемот на загадување на животната средина.

- Потребно е на веб страната на општина Василево, да има посебен дел посветен само на информации за животната средина, каде ќе бидат објавувани сите акции и проекти поврзани со нејзината заштита.

- Поради тоа што загаденоста на воздухот претставува најголем проблем кај граѓаните на оваа општина, потребно е подобар мониторинг на степенот на загаденост на воздухот. Истата информација треба да биде лесно достапна и видлива на граѓаните, каде исто така тие ќе бидат и предупредувани во моментите на висока загаденост.

- Со цел покачување на степенот на информираност на граѓаните за тоа што општината презема како мерки во врска со проблемите на граѓаните во делот на заштита на животната средина, потребна е поголема промоција на сите активности поврзани со заштита на животната средина, како на социјалните

мрежи, така и на традиционалните медиуми, со цел информациите да дојдат до поголем број на граѓани.

- Потребно е начините за конекција преку социјалните медиуми спомнати на веб страната, да бидат поврзани со официјалните профили на општината за наведениот социјален медиум.

- Со цел едукација и зголемување на свеста кај помладите граѓани, потребно е да се организираат едукативни акции со активен и интересен пристап за нив. Едукација треба да биде спроведена и кај сите останати граѓани со пристап прилагоден за нив.

- Со цел на зголемување на транспарентноста, треба да постои јавна листа на загадувачи на воздух. Во таа листа треба да бидат истакнати кој е загадувачот, за какво загадување станува збор и колку е тоа загадување ризично, односно какво влијание има врз човековото здравје. Ова ќе овозможи и креирање на мапа на изворите на загадување во животната средина, која ќе им овозможи на граѓаните сами за себе да одлучат дали и колку да се движат околу загадувачите.

## Користена литература


- Анализа на анкетно истражување за состојбата на животна средина
- Извештај, тран скрипта и анализа на фокус група 1 и 2
- Извештај мониторинг
- Регионален план за управување со отпад
- Програма за животната средина на општина Василево за 2023 година
- Програмата за заедничка потрошувачка во општина Василево за 2023 година
- Програма за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2023 година
- Програма за изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води во општина Василево за 2023 година
- Пограма за изградба и реконструкција на водоводната мрежа во општина Василево за 2023 година
- Програма за активностите на општина Василево во областа на заштита и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2023 година
- http://opstinavasilevo.gov.mk/

Центар за истражување и анализи НОВУС –
Струмица
Ул. Васил Сурчев бр.56, Струмица
Е-пошта: contact@associationnovus.org
Веб адреса: https://associationnovus.org